Република Северна Македонија

Министерство за финансии

МФРСМ.Ф.8.5/9-2



# КРАТКОРОЧНИ ЕКОНОМСКИ ДВИЖЕЊА

октомври, 2020 година

Министерство за финансии
Република Северна Македонија

Ул. „Даме Груев“ бр. 12, Скопје
Република Северна Македонија

+389 2 3255 597
www.finance.gov.mk

Partner of Quality Austria
Сертифициран систем според ISO 9001:2015 Бр. Q-13700/0

## СОДРЖИНА

Резиме ....2

**1. Реален сектор**

Индустриско производство ....3

Број на работници во индустријата ....4

Деловни тенденции во преработувачката индустрија ....5

Број на издадени одобренија за градење и предвидена вредност на објектите ....6

Инфлација ....7

Берзански цени .... 8

**2. Надворешнотрговска размена**

Извоз ....10

Увоз .... 11

Салдо на трговска размена ....12

Валутна структура ....13

**3. Фискален сектор**

Буџетски приходи според економската класификација ....13

Буџетски расходи според економската класификација ....15

Буџетско салдо.. ....16

Расходи по буџетски корисници ....16

**4. Социјален сектор**

Нововработени и регистрирани невработени лица во Агенција за вработување ....18

Плати ....19

Пензии ....20

**5. Монетарен и финансиски сектор**

Примарни пари ....21

Депозитен потенцијал ....21

Кредити на банките .... 23

Каматни стапки на депозитни банки .... 23

Пазар на капитал .... 23

Девизни резерви .... 24



Министерство за финансии
Република Северна Македонија
Ул. „Даме Груев“ бр. 12, Скопје
Република Северна Македонија
+389 2 3255 597
www.finance.gov.mk

MQS Partner of Quality Austria
Сертифициран систем според ISO 9001:2015 Бр. Q-13700/0

# Р Е З И М Е

## НА НАЈВАЖНИТЕ КРАТКОРОЧНИ ЕКОНОМСКИ ДВИЖЕЊА

октомври, 2020 година

- Индустриското производство во октомври 2020 година забележа пад од 5,2% во споредба со истиот месец претходната година;
- Потрошувачките цени во октомври 2020 година се зголемија за 2,1% во однос на октомври 2019 година;
- Во периодот јануари – октомври 2020 година извозот забележа пад од 13,0%, а увозот пад од 11,7%, што резултираше со намалување на трговскиот дефицит за 7,3%, споредено со истиот период од 2019 година;
- Вкупните приходи на Буџетот во периодот јануари - октомври 2020 година изнесуваа 154.560 милиони денари, односно 23,2% од БДП, што претставува пониско остварување за 7,3% во однос на истиот период од 2019 година;
- Вкупните расходи на Буџетот во периодот јануари – октомври 2020 година изнесуваа 189.382 милиона денари, односно 28,4% од БДП, што е за 10,1% повеќе во однос на истиот период од 2019 година;
- Вкупните кредити на банките во октомври 2020 година се зголемија за 6,7% во споредба со октомври 2019 година, а вкупниот депозитен потенцијал на банките оствари раст од 5,5%.



Министерство за финансии
Република Северна Македонија
Ул. „Даме Груев“ бр. 12, Скопје
Република Северна Македонија
+389 2 3255 597
www.finance.gov.mk

MQS
Partner of Quality Austria
Сертифициран систем според ISO 9001:2015 Бр. Q-13700/0

# *1. РЕАЛЕН СЕКТОР*

## Индустриско производство

Индустриското производство во октомври 2020 година забележа пад од 5,2% во споредба со истиот месец претходната година, што претставува благо зголемување на падот во споредба со претходниот месец. Намалување на производството се јавува во сите сектори, и тоа: Преработувачка индустрија од 6,2% и негативен придонес од 4,7 п.п., Снабдување со електрична енергија, гас, пареа и климатизација од 3,7% и негативен придонес од 0,5 п.п., како и Рударство и вадење камен од 1,5% и негативен придонес од 0,2 п.п..

**Графикон 1.1:** Индустриско производство
*(стапки на раст во %)*




Извор: ДЗС.

**Графикон 1.2:** Структура на растот на индустријата
*(придонеси во п.п.)*




Извор: ДЗС.

Зголемување на производството во октомври 2020 година бележат 7 од вкупно 27 индустриски гранки коишто сочинуваат 30,2% од вкупната индустрија. Од гранките со повисока додадена вредност, раст во октомври 2020 година е забележан кај производството на моторни возила од 7,9% и придонес од 1,0 п.п., како и кај производството на компјутерски, електронски и оптички производи од 6,0% и незначителен придонес. Производството на фармацевтски производи и препарати продолжува и натаму да биде ублажувач на падот и во октомври 2020 година бележи раст од 7,8% и придонес од 0.2 п.п.. Меѓу гранките со позначително учество во структурата, пад на производството во октомври 2020 година е забележан кај: производството на прехранбени производи од 13,0% и придонес од -1,2 п.п., производството на тутунски производи од 50,7% и придонес од -0,9 п.п., како и кај производството на други неметални производи од 17,4% и придонес од -0,7 п.п..

Падот на производството според намената на произведените единици во октомври 2020 година е главно последица на падот кај нетрајните производи за широка потрошувачка од 11,1% и негативен придонес од 3,5 п.п..


MQS Partner of Quality Austria
Сертифициран систем според ISO 9001:2015 бр. Q-13700/0

На кумулативна основа, во периодот јануари – октомври 2020 година е забележан пад од 11,3%, што се должи на намаленото производството во сите сектори, и тоа: Преработувачка индустрија од 11,7% (придонес од -8,9 п.п.), Снабдување со електрична енергија, гас, пареа и климатизација од 11,4% (придонес од -1,4 п.п.), и Рударство и вадење камен од 9,1% (придонес од -1,0 п.п.). Од индустриските гранки, највисок придонес во растот и натаму има производството на фармацевтски производи и препарати од 0,4 п.п. при раст од 15,3%.

**Графикон 1.3а:** Гранки со позитивен придонес во растот
*(стапки на раст во %, октомври 2020 година)*




Извор: ДЗС.

**Графикон 1.3б:** Гранки со негативен придонес во растот
*(стапки на раст во %, октомври 2020 година)*




Извор: ДЗС.

Според намената на произведените единици, пад во првите десет месеци од 2020 година бележат сите гранки, а падот е најизразит кај групата Капитални производи од 17,7% и придонес од -4,1 п.п..

## Број на работници во индустријата

Бројот на работници во индустријата во октомври 2020 година е намален за 4,9%. Падот се должи на намалениот број работници во сите сектори, и тоа: Преработувачка индустрија од 5,3%, Снабдување со електрична енергија, гас, пареа и климатизација од 1,6% и Рударство и вадење камен од 0,9%. Сепак, постојат неколку гранки во коишто се забележува зголемување на бројот на работници, дури и во услови на криза, како што се: поправка на машини и опрема од 40,9%, производство на останата транспортна опрема од 9,6% и производство на основни фармацевтски производи и препарати од 9,5%.

**Графикон 1.4:** Вработеност и продуктивност во индустријата
*(стапки на раст во %)*




Извор: ДЗС; пресметки на МФ.

Податоците за бројот на работници во индустријата по наменски групи во октомври 2020 година во однос на истиот период

минатата година покажуваат дека намалување на бројот на работници има кај сите групи, а тоа е најизразито кај интермедијарните производи, освен енергија од 6,3% и нетрајните производи за широка потрошувачка од 5,0%.

Кумулативните податоци покажуваат дека бројот на работници во индустријата во периодот јануари – октомври 2020 година бележи пад од 4,7%, што се должи на намалениот број работници во сите сектори, односно Преработувачка индустрија од 5,2%, Рударство и вадење камен од 1,0% и Снабдување со електрична енергија, гас, пареа и климатизација од 0,9%.

Во поглед на наменските групи, бројот на работници во индустријата во првите десет месеци од 2020 година е намален во сите групи, а падот е најизразит во групата Трајни производи за широка потрошувачка од 7,3%.

## Деловни тенденции во преработувачката индустрија

Економската состојба на деловните субјекти во октомври 2020 година е поповолна во однос на претходниот месец, а понеповолна во однос на октомври 2019 година.

**Графикон 1.5:** Деловни тенденции во преработувачка индустрија




Просечното искористување на капацитетите на деловните субјекти во октомври изнесува 68,1% од нормалното искористување, што претставува раст споредено со претходниот месец кога изнесувало 67,5%. На годишна основа, искористеноста на капацитетите е намалена за 1,6 п.п..

Најголемо влијание врз ограничувањето на обемот на производството во октомври имаат следните фактори: недоволната странска побарувачка со 20,2%, неизвесното економско окружување со 17,2%, недостигот на квалификувана работна сила со 15,5%, недоволната домашна побарувачка со 13,4%, финансиските проблеми со 8,8% и други фактори.

Состојбата на обезбеденоста на производството со порачки во октомври 2020 година споредено со претходниот месец е поповолна, очекувањата за обемот на производството во наредните три месеци се поповолни во однос на септември 2020 година, а залихите на готови производи на месечна основа се намалени.

## Број на издадени одобренија за градење и предвидена вредност на објектите

Во октомври 2020 година издадени се вкупно 270 одобренија за градење, што претставува пад од 12,3% споредено со истиот месец 2019 година. Во однос на септември 2020 година, бројот на издадени одобренија за градење е зголемен за 8,9%. Предвидената вредност на објектите според издадените одобренија за градење во октомври е за 1,2% повисока споредено со октомври 2019 година, а за 15,8% во однос на претходниот месец.

**Графикон 1.6:** Одобренија за градење и вредност на работите
*(број во единици; вредност во милиони денари)*




Извор: ДЗС.

Анализирано по видови објекти, од вкупниот број издадени одобренија за градење, 172 (или 63,7%) се наменети за објекти од високоградба, 30 (или 11,1%) за објекти од нискоградба и 68 (или 25,2%) за реконструкција на објекти.

**Графикон 1.7:** Структура на издадените одобренија за градење по региони *(октомври 2020)*




Извор: ДЗС.

Анализирано по типови инвеститори, од вкупно 270 издадени одобренија за градба, на 174 објекти (или 64,4%) како инвеститори се јавуваат физички лица, а на 96 објекти (или 35,6%) инвеститори се деловни субјекти.

**Графикон 1.8:** Предвидена вредност на објектите по региони
*(во милиони денари)*




Со издадените одобренија за градење во октомври 2020 година предвидена е изградба на 729 станови, со вкупна корисна површина од 65.888 м$^2$. Бројот на предвидени станови за изградба на месечно ниво е зголемен за 30,9%, а во однос на октомври 2019 година за 29,7%.

## Инфлација

Потрошувачките цени во октомври 2020 година се зголемија за 2,1% во однос на октомври 2019 година, забрзувањето на растот на стапката на инфлација произлегува најмногу од зголемувањето на цените на храната и енергијата (цената на електричната енергија се зголеми во август со одлука на РКЕ за 7,4%), додека претходниот месец цените регистрираа раст од 1,9% на годишно ниво. Просечната стапка на инфлација во периодот јануари – октомври 2020 година изнесува 1,0% и истата е стабилна со најголем придонес од промените на цените на храната.

Од друга страна, стапката на инфлација во октомври во еврозоната се намали на 0,3% на годишно ниво, падот на инфлацијата се должи на остриот пад на цените на енергијата и индустриските добра, додека цените на храната, алкохолот и тутунот се зголемија. Со новите карантини, поради ширењето на ковид-19, предвидувањата за еврозоната се дека инфлацијата ќе се намалува и на почетокот на 2021 година.

**Графикон 1.9:** Инфлација според COICOP
(*стапки на раст во %*)




Извор: ДЗС.

Во октомври 2020 година, цените во категоријата Храна и безалкохолни пијалаци, којашто има најголемо учество при пресметката на Индексот на трошоците на животот, се зголемија за 3,5% на годишно ниво. Зголемувањето се должи на порастот на цените во повеќе поткатегории, а најмногу на цените на Маслото (12,4%), Овошјето (10,5%) и Зеленчукот (7,2%). Највисок годишен раст на цените во октомври 2020 година е забележан во категоријата Алкохолни пијалаци, тутун и наркотици од 7,8%, следен со порастот на цените на Домување, вода, електрика, гас и други горива од 4,6%, Разновидни стоки и услуги од 3,1%, Ресторани и хотели од 1,8%, Здравствена заштита од 1,4%, Мебел, покуќнина и редовно одржување на домаќинствата од 0,6%, Образование од 0,5% и Комуникации од 0,1%.

**Графикон 1.10:** Структура на инфлацијата според COICOP
(*придонеси во п.п.*)




Извор: ДЗС.

Пад на годишно ниво е регистриран во категориите: Транспорт од 7,2%, Рекреација и култура од 0,4% и Облека и обувки од 0,1%. Цените во категоријата Транспорт континуирано бележат пад што се должи на падот на цените на нафтата од

јануари годинава, а падот на цените на нафтата е резултат на остриот пад на побарувачката поради карантините низ целиот свет поради пандемијата на ковид-19.

Потрошувачките цени во октомври 2020 година оствари раст од 0,1% на месечно ниво (претходниот месец беше регистриран пад од 0,2%).

Најголем раст на цените на месечно ниво е регистриран и во категориите: Алкохолни пијалаци, тутун и наркотици од 3,8%, Облека и обувки од 0,9%, Мебел, покуќнина и редовно одржување на домаќинствата од 0,3%, Храна и безалкохолни пијалаци и Домување, вода, електрика, гас и други горива од по 0,2% и Здравствена заштита од 0,1%.

Намалување на цените на месечно ниво е регистрирано во категориите: Транспорт од 2,8%, Рекреација и култура од 1,4%, Ресторани и хотели од 0,4% и Разновидни стоки и услуги од 0,3%.

Цените на мало во октомври 2020 година во однос на истиот месец претходната година се зголемија за 1,0%, додека на месечна основа се намалија за 0,5%.

## Берзански цени

Цената на суровата нафта (Brent) на светските берзи во октомври 2020 година во однос на септември истата година се намали за 1,5% и изнесува 40,5 долари за барел. Ова е втор месец по ред нафтата да забележува пад на цената, по нагорниот тренд во периодот мај – август 2020 година, откако во април го достигна дното (Графикон 1.11.), кога индустријата и економската активност во светот беа силно погодени од ограничувачките мерки за спречување на ширењето на коронавирусот.

**Графикон 1.11:** Промена на цената на суровата нафта (Брент)
*(цена во долари/барел; стапка на раст во %)*




Извор: Светска банка; пресметки на МФ.

**Графикон 1.12:** Берзански цени на метали
*(цени во долари/тон)*




Извор: Светска банка.

Споредено со октомври 2019 година, цената на нафтата се намали за 31,8%. Природниот гас кон крајот на 2019 година започна со тренд на надолно движење на цената, сè до почетокот на третиот квартал од 2020 година, кога неговата цена почна да забележува постепено зголемување. Во октомври цената на природниот гас се зголеми за 16,4%

на месечна основа, по растот од 0,7% во претходниот месец и високиот раст од над 30% во август.

Слично како и патеката на цената на нафтата, цената на никелот бележи нагорен тренд по достигнувањето на дното во април, во услови на постепено закрепнување на индустриската активност, тренд којшто продолжи и во октомври со раст на цената од 2,6% во однос на септември, по месечниот раст од 2,2% забележан претходниот месец. Во однос на октомври 2019 година, цената на никелот се намали за 10,6%. Покрај никелот, месечен раст на цената во октомври забележаа и другите основни метали, освен оловото и цинкот, чии цени опаднаа за 5,2% и 0,1%, соодветно. Така, цената на алуминиумот се зголеми за 3,6%, на калајот за 1,3% и на бакарот за 0,1%. Во октомври 2020 година, цената на железната руда се намали за 3,2% на месечно ниво.

Во однос на благородните метали, златото, коешто во август достигна историски највисока цена на светските берзи, во октомври бележи месечен пад на цената од 1,1%, по падот од 2,4% претходниот месец. Месечен пад на цената има и кај другите благородни метали, односно, цените на среброто и платината се намалија за 5,9% и 3,5%, соодветно.

Цената на пченката на светските берзи во октомври 2020 година на месечна основа се зголеми за 12,4%, а цената на пченицата за 11,6%, што се одразува и врз порастот на цената на прехранбените производи во земјата.

## 2. НАДВОРЕШНОТРГОВСКА РАЗМЕНА

Вкупната надворешнотрговска размена во првите десет месеци од 2020 година изнесува 10.759,1 милион евра и бележи пад од 12,3% во однос на истиот период од минатата година. Падот на надворешнотрговската размена главно е одраз на влошеното меѓународно окружување и падот на надворешната побарувачка, коишто се последица на ширењето на пандемијата предизвикана од коронавирусот.

**Графикон 2.1:** Надворешна трговија
*(износи во милиони евра)*




Извор: ДЗС.

Во периодот јануари - октомври 2020 година, учеството на размената со Европската Унија (ЕУ 27[1]), како најголем трговски партнер, е намалено за 3,3 п.п. споредено со истиот период претходната година, и изнесува 59,9%. Германија е

[1] Започнувајќи од февруари 2020 година, Велика Британија се распределува во групацијата - Останати земји

најзначаен трговски партнер на нашата земја. Во структурата на вкупната надворешнотрговска размена на нашата земја, учеството на трговската размена со Германија во првите десет месеци од 2020 година изнесува 26,1% и е намалено за 1,5 п.п. во однос на истиот период од 2019 година.

**Графикон 2.2**: Надворешно-трговска размена со Германија и ЕУ 27 *(износи во милиони евра)*




Извор: ДЗС.

## Извоз

Вредноста на извезените стоки во периодот јануари – октомври 2020 година, изнесува 4.653,9 милиони евра и бележи пад од 13,0% (696,2 милиона евра) во однос на истиот период од 2019 година, а физичкиот обем на извозот бележи пад од 14,0%.

Вредноста на извезените стоки во октомври 2020 година изнесува 597,3 милиони евра и бележи раст од 5,6% (31,5 милиони евра) во однос на истиот месец минатата година, што претставува динамизирање по растот од 4,0% во септември 2020 година. Физичкиот обем на извозот е намален за 11,1% во споредба со октомври минатата година.

Анализирано на месечно ниво, во октомври 2020 година извозот бележи раст од 1,8% (10,7 милиони евра) во однос на претходниот месец, а доколку се изврши сезонско прилагодување на извозот, истиот регистрира месечен раст од 1,3%, што укажува на позитивното влијание на сезонскиот фактор (0,5 п.п.) врз извозот овој месец.

Главни групи производи (според СМТК[2]) со најголемо учество во извозот во периодот јануари - октомври 2020 година се: хемиски материи и производи, железо и челик, облека, метална руда и отпадоци од метал, пијалаци и тутун и нафта и производи од нафта. Овие шест групи производи сочинуваат 44,0% од вкупниот извоз на државата.

**Графикон 2.3:** Структура на извозот по СМТК




Извор: ДЗС.

[2] Стандардна меѓународна трговска класификација

Анализирано според економските групации[3] на земјите, во периодот јануари - октомври 2020 година споредено со истиот период од 2019 година, извозот бележи раст кај групациите: ЕФТА, Организација на земјите извознички на нафта и нафтени деривати, Организација за економска соработка на земји од Азиско - пацифичкиот регион и Заедница на независни држави, додека пад има кај групациите: ЕУ 27, Западен Балкан и Северноамериканска зона на слободна трговија. Извозот во ЕУ 27 бележи пад од 14,6% на годишно ниво, а кај земјите од Западен Балкан истиот бележи пад од 15,9%, при што извозот на стоки во ЕУ 27 и земјите од Западен Балкан во вкупниот извоз на Република Северна Македонија учествува со 77,3% и 11,1%, соодветно.

**Графикон 2.4:** Структура на извозот по економска намена *(учества во %)*




Извор: ДЗС; пресметки на МФ.

**Графикон 2.5:** Структура на увозот по економска намена *(учества во %)*




Извор: ДЗС; пресметки на МФ.

## Увоз

Вредноста на увезените стоки во периодот јануари - октомври 2020 година изнесува 6.105,2 милиона

[3] Економските групации ги опфаќаат следните земји: ЕУ 27 (Австрија, Белгија, Бугарија, Хрватска, Кипар, Чешка, Германија, Данска, Естонија, Шпанија, Финска, Франција, Грција, Унгарија, Ирска, Италија, Литванија, Луксембург, Латвија, Малта, Холандија, Полска, Португалија, Романија, Шведска, Словенија и Словачка); ЕФТА (Швајцарија, Исланд, Лихтенштајн и Норвешка); Организација на земјите извознички на нафта и нафтени деривати (Обединети Арапски Емирати, Ангола, Алжир, Еквадор, Ирак, Иран, Кувајт, Либија, Нигерија, Катар, Саудиска Арабија и Венецуела); Западен Балкан (Албанија, БиХ, Црна Гора, Северна Македонија, Косово и Србија); Северноамериканска зона на слободна трговија (Канада, Мексико и САД); Организација за економска соработка на земјите од Азиско - пацифичкиот регион (Австралија, Брунеи, Канада, Чиле, Кина, Хонг Конг, Индонезија, Јапонија, Кореа, Мексико, Малезија, Нов Зеланд, Перу, Папуа Нова Гвинеја, Филипини, Русија, Сингапур, Тајланд, Тајван, САД и Виетнам) и Заедница на независни држави (Ерменија, Азербејџан, Белорусија, Киргистан, Казахстан, Молдавија, Русија, Таџикистан, Туркменистан, Украина и Узбекистан).

евра и бележи пад од 11,7% (810,7 милиони евра) во однос на истиот период од 2019 година, а физичкиот обем на увозот пад од 2,8%.

Вредноста на увозот во октомври 2020 година изнесува 762,9 милиони евра и бележи пад од 0,1% (0,8 милиони евра) во однос на истиот месец 2019 година, по растот од 3,5% во септември 2020 година. Увезените количини стоки се намалени за 14,7%.

Анализирано на месечно ниво, во октомври 2020 година увозот бележи раст од 12,9% (87,0 милиони евра) во однос на претходниот месец, а доколку се изврши сезонско прилагодување на увозот, истиот регистрира месечен раст од 0,1%, што укажува на позитивното влијание на сезонскиот фактор (12,8 п.п.) врз увозот во овој месец.

Табела 2.1. Преглед на извозот и увозот на селектирани групи производи

| Извоз на хемиски производи*) | | | | |
|---|---|---|---|---|
| | I-X-2019 | I-X-2020 | Салдо | Стапки во% |
| .000 Т | 46,7 | 58,3 | 11,6 | 24,8 |
| Мил. ЕУР | 1.112,9 | 917,7 | -195,2 | -17,5 |
| Мил.$ | 1.248,1 | 1.047,0 | -201,1 | -16,1 |

| Увоз на хемиски производи*) | | | | |
|---|---|---|---|---|
| | I-X-2019 | I-X-2020 | Салдо | Стапки во% |
| .000 Т | 34,0 | 25,3 | -8,7 | -25,6 |
| Мил. ЕУР | 182,7 | 145,8 | -36,9 | -20,2 |
| Мил.$ | 204,9 | 165,1 | -39,8 | -19,4 |

*)Претходни податоци

| Извоз на железо и челик *) | | | | |
|---|---|---|---|---|
| | I-X-2019 | I-X-2020 | Салдо | Стапки во% |
| .000 Т | 631,7 | 597,3 | -34,4 | -5,4 |
| Мил. ЕУР | 492,9 | 456,8 | -36,1 | -7,3 |
| Мил.$ | 552,3 | 516,7 | -35,6 | -6,4 |

| Увоз на железо и челик*) | | | | |
|---|---|---|---|---|
| | I-X-2019 | I-X-2020 | Салдо | Стапки во% |
| .000 Т | 697,7 | 647,7 | -49,9 | -7,2 |
| Мил. ЕУР | 362,1 | 296,0 | -66,1 | -18,3 |
| Мил.$ | 406,2 | 334,3 | -71,9 | -17,7 |

*)Претходни податоци

| Извоз на електрични машини и делови *) | | | | |
|---|---|---|---|---|
| | I-X-2019 | I-X-2020 | Салдо | Стапки во% |
| .000 Т | 65,2 | 54,2 | -11,0 | -16,8 |
| Мил. ЕУР | 804,9 | 680,8 | -124,1 | -15,4 |
| Мил.$ | 902,2 | 774,8 | -127,4 | -14,1 |

| Увоз на електрични машини и делови *) | | | | |
|---|---|---|---|---|
| | I-X-2019 | I-X-2020 | Салдо | Стапки во% |
| .000 Т | 58,9 | 51,4 | -7,5 | -12,7 |
| Мил. ЕУР | 628,9 | 543,2 | -85,7 | -13,6 |
| Мил.$ | 705,2 | 617,2 | -88,0 | -12,5 |

*)Претходни податоци

## Салдо на трговска размена

Во периодот јануари - октомври 2020 година, трговскиот дефицит се намали за 7,3% односно 114,5 милиони евра споредено со истиот период минатата година.

Во октомври 2020 година, трговскиот дефицит се намали за 16,3% односно 32,3 милиони евра споредено со октомври 2019 година.

**Графикон 2.6:** Надворешно-трговска размена
*(износи во милиони евра)*




Извор: ДЗС.

Доколку салдото на извозот и

увозот на стоки го анализираме по економска намена, намалувањето на дефицитот е резултат од намалувањето на негативното салдо во размената со индустриски набавки и горива и мазива. Од друга страна, кон зголемување на негативното салдо дејствуваше зголемувањето на дефицитот во размената со стоки за широка потрошувачка, стоки за инвестиции без транспортна опрема и храна и пијалаци, како и намалувањето на позитивното салдо во размената со транспортна опрема.

Во периодот јануари - октомври 2020 година, 92,9% од трговскиот дефицит на земјата е остварен во размената со Велика Британија, Кина и Србија, а потоа следуваат: Турција Грција, Италија, САД, Полска, Русија и други. Суфицит е остварен во размената со Германија, Косово, Белгија и Холандија.

## Валутна структура

Гледано по валутна структура, 88,9% од трговската размена во периодот јануари-октомври 2020 година е реализирана во евра, што во однос на истиот период од 2019 година претставува зголемување за 2,9 п.п.. На страната на извозот и увозот, еврото е застапено со 92,0% и 86,5%, соодветно, при што застапеноста на еврото кај извозот е намалена за 0,5 п.п., додека застапеноста на еврото кај увозот е зголемена за 5,6 п.п. во однос на периодот јануари - октомври 2019 година.

Табела 2.2 Надворешно трговска размена на Република Северна Македонија (по валути); пресметки на МФ

| увоз | I - X- 2019 | | | | | I - X - 2020 | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| валута | колич. 000 t | увоз во валута | просечен курс на денарот во однос на валутите | увоз во денари | структ. во% | колич. 000 т | увоз во валута | просечен курс на денарот во однос на валутите | увоз во денари | структ. во% | апсолутна промена во валутна вредност | релативна промена во валутна вредност (во%) |
| ЕУР | 3.985,8 | 5.595.587.428 | 61,5043 | 344.152.687.845 | 80,9 | 3.736,1 | 5.279.986.597 | 61,6700 | 325.616.773.407 | 86,5 | -315.600.831 | -5,6 |
| УСД | 1.799,1 | 1.405.571.331 | 54,8391 | 77.080.266.795 | 18,1 | 1.933,6 | 866.014.155 | 54,6760 | 47.350.189.921 | 12,6 | -539.557.177 | -38,4 |
| ГБП | 3,6 | 21.379.832 | 69,7121 | 1.490.432.988 | 0,4 | 2,8 | 16.023.964 | 69,6094 | 1.115.418.500 | 0,3 | -5.355.868 | -25,1 |
| ЕУР+УСД+ГБП | 5.788,5 | | | 422.723.387.629 | 99,0 | 5.672,6 | | | 374.082.381.827 | 99,4 | | |
| вк извоз: | 5.803,7 | | | 425.353.974.857 | 100,0 | 5.685,3 | | | 376.503.623.359 | 100,0 | | -11,5 |

Извор: Државен завод за статистика и НБРСМ

# *3. ФИСКАЛЕН СЕКТОР*

## Буџетски приходи според економската класификација

Вкупните приходи на Буџетот во периодот јануари - октомври 2020 година изнесуваа 154.560 милиони денари, односно 23,2% од БДП, што претставува пониско остварување за 7,3% во однос на истиот период од 2019 година и ја отсликува намалената економска активност како резултат на здравствено-економската криза.

Даночните приходи се реализирани во износ од 86.004 милиони денари и во однос на истиот период од 2019 година се намалени за 9,8%.

Данокот на додадена вредност е остварен во износ од 38.601 милион денари, што претставува намалување од 10,9% во однос на периодот јануари - октомври 2019 година, со доминантно учество во вкупните даночни приходи од 44,9%. Притоа,

ДДВ е наплатен во бруто-износ од 58.943 милиони денари, од кои на даночните обврзници им е извршен поврат во износ од 20.343 милиони денари (бруто-наплатата е пониска за 8,9%, додека повратот по основ на ДДВ е понизок за 4,8% споредено со јануари - октомври 2019 година). Во структурата на ДДВ најголемо е учеството на ДДВ од увоз којшто забележува пониско остварување за 11,6%, додека ДДВ од прометот во земјата забележа намалување од 2,8%.

Акцизите се остварени во износ од 18.310 милиони денари (учество од 21,3% во даночните приходи), што претставува намалување од 16,0% во споредба со истиот период од 2019 година. Така, од овие два индиректни данока вкупно се остварени приходи од 56.911 милиони денари, што претставува 66,2% од вкупните даночни приходи во периодот јануари - октомври 2020 година.

Приходите од данокот на личен доход се остварени во износ од 14.447 милиони денари и бележат пад од 2,6% на годишна основа, при што 69,0% од приходите се од плата и други лични примања, 7,6% од приходи од капитал, 6,7% од приходи по основ на договор на дело, 5,3% од приходи од игри на среќа и наградни игри и 11,4% од други видови данок на доход.

**Графикон 3.1:** Приходи по категории
*(износи во милиони денари)*




Извор: МФ.

Приходите од данокот на добивка во овој период изнесуваа 8.790 милиони денари и забележаа помало остварување за 11,2% во однос на истиот период претходната година, при што данокот по месечни аконтации се намали за 10,4%, намалување од 34,1% се забележува кај даночните биланси, додека данокот на добивка по основ на дивиденди и др. распределба е зголемен речиси 3 пати.

Приходите од царина се остварени во износ од 5.446 милиони денари и забележаа зголемување од 10,1%. Приходите од други даноци со остварен износ од 410 милиони денари забележаа намалено остварување за 23,2% во однос на минатата година.

Социјалните придонеси, во услови на раст на просечната плата, се остварени во износ од 54.180 милиони денари, што претставува поголемо остварување за 7,7% споредено со истиот период од 2019 година, и покрај економската криза. Притоа, наплатата кај придонесите за пензиско и инвалидско осигурување е повисока за 8,1%, кај придонесите за здравствено осигурување за 7,0% и кај придонесите за вработување за 5,7%.

Неданочните приходи се остварени во износ од 9.408 милиони денари и во однос на анализираниот период од 2019 година забележаа пониско остварување за 38,6%

(во овие приходи се приходите од профит од јавни институции, административни такси и глоби, концесии и др.).

Капиталните приходи реализирани по основ на продажба на градежно земјиште, станови и дивиденди, се оствариja во износ од 1.577 милиони денари, што е зголемување од 9,4% во однос на периодот јануари – октомври минатата година.

Приходите од странски донации од меѓународна и билатерална соработка се оствариja во износ од 2.511 милиони денари и се намалени за 14,4% во однос на истиот период лани.

## Буџетски расходи според економската класификација

Вкупните расходи на Буџетот во периодот јануари – октомври 2020 година изнесуваа 189.382 милиона денари, односно 28,4% од БДП, што е за 10,1% повеќе во однос на истиот период од 2019 година. Високите расходи се резултат на преземените мерки  за справување со здравствено-економската криза.

Во структурата на реализираните вкупни расходи, тековните расходи во износ од 180.110 милиони денари учествуваа со 95,1% и се зголемени за 10,6% во однос на истиот период од 2019 година.

**Графикон 3.2:** Расходи по категории
*(износи во милиони денари)*



Извор: МФ.

Платите и надоместоците се реализирани во износ од 24.751 милион денари што претставува зголемување за 8,0% во однос на периодот јануари - октомври претходната година, а нивното структурно учество во вкупните расходи на Буџетот изнесува 13,1%.

Расходите за стоки и услуги изнесуваа 11.901 милион денари и споредено со истиот период од 2019 година забележаа намалување од 3,8%.

Доминантно учество во тековните расходни ставки имаа трансферите коишто изнесуваа 136.658 милиони денари. Средствата за трансфери забележаа поголема реализација за 13,4% споредено со истиот период од 2019 година и истите учествуваа со 72,2% во вкупните расходи.

Средствата за социјални трансфери изнесуваа 96.890 милиони денари, забележаа зголемување од 8,6% и учествуваа со 51,2% во вкупните расходи. Трансферите кон Фондот на пензиското и инвалидското осигурување, коишто зафаќаат најголем дел од социјалните трансфери, се реализирани во износ од 57.581 милион денари, што е зголемување за 6,1% споредено со истиот период од 2019 година и учествуваат со 30,4% во вкупните расходи. Учеството на категоријата други трансфери, коишто ги вклучуваат трансферите кон единиците на локалната

самоуправа, во вкупните расходи изнесува 18,9%, односно се зголемија за 19,5% и се реализирани во износ од 35.884 милиони денари. Блок дотациите кон единиците за локална самоуправа во износ од 15.777 милиони денари забележаа зголемување од 13,6% во споредба со периодот јануари - октомври претходната година. Субвенциите и трансферите изнесуваа 18.155 милиони денари што е за 27,4% повеќе споредено со истиот период минатата година.

Каматните расходи изнесуваат 6.800 милиони денари, што е за 3,2% помалку во споредба со истиот период од 2019 година. Расходите за камати од домашно задолжување се зголемени за 1,7%, додека каматите од странско задолжување се намалени за 5,5%.

Во анализираниот период, средствата за капитални расходи се реализирани во износ од 9.272 милиона денари со структурно учество од 4,9% во вкупните расходи, при што забележаа повисока реализација за 0,1% во споредба со периодот јануари - октомври 2019 година. Највисоко ниво на капитални расходи е остварено преку разделот Министерство за финансии – функции на држава, во износ од 2.424 милиони денари, односно 57,0% од планираните за 2020 година, а позначаен износ остварило и Министерството за транспорт и врски (1.344 милиони). Како процент на реализација, од буџетските корисници со позначителен износ на капитални расходи се издвојува Дирекцијата за задолжителни резерви на нафта и нафтени деривати, којашто во периодот јануари – октомври 2020 година остварила 92,1% од планираните капитални расходи, односно 1.006 милиони денари.

## Буџетско салдо

Во периодот јануари – октомври 2020 година е остварен дефицит во Буџетот на Република Северна Македонија од 34.822 милиона денари, што претставува 5,2% од БДП, додека дефицитот на Централниот буџет е остварен во износ од 35.097 милиони денари и претставува 5,3% од БДП.

## Расходи по буџетски корисници

Во продолжение е даден осврт на буџетските расходи за најголемите буџетски корисници, чиј вкупен годишен буџет изнесува 85,9% од вкупниот буџет на сите буџетски корисници.

Во периодот јануари – октомври 2020 година, преку разделот Министерство за финансии – функции на држава[4] реализирани се 29.701 милион денари што претставува 50,9% од предвидените за 2020 година. Отплатата на главнина (17.487 милиони денари) е главна ставка во вкупните расходи на овој буџетски корисник со учество од 58,9%. По основ на каматни плаќања отпаѓаат 22,9% од вкупните

[4] Во рамките на овој раздел опфатени се активности како што се: навремено сервисирање на обврските на државата по основ на домашно и странско задолжување; редовна исплата на оперативните трошоци на државата по претходно доставена документација за исплата; учество во капиталот на меѓународни финансиски институции; плаќање ДДВ по основ на капитални инвестиции финансирани од донации, финансирање на проектите од поодделните компоненти од ИПА итн.

расходи, за што се реализирани 6.796 милиони денари, или 82,0% од вкупниот буџет за оваа намена.

**Графикон 3.3:** Структура на расходите по буџетски корисници и раздели *(јануари - октомври 2020 година)*




Извор: МФ.

Министерството за труд и социјална политика во периодот јануари - октомври 2020 година реализираше 42.582 милиона денари или 82,8% од вкупниот буџет за тековната година. Притоа, најголем дел (69,7%) од расходите во овој период се наменети за тековни трансфери до буџетските фондови, за што се потрошени 29.694 милиони денари или 84,6% од средствата наменети за 2020 година. Втора најзначајна расходна ставка се социјалните бенефиции, кои учествуваат со 22,0% во вкупните расходи и за оваа намена реализирани се 80,3% (9.347 милиони денари) од планираните за 2020 година.

Министерството за образование и наука во првите десет месеци од 2020 година изврши буџетски средства во износ од 19.995 милиони денари, што е 77,7% од вкупниот буџет за 2020 година. Најголем дел од расходите (67,1%) претставуваат тековни трансфери до ЕЛС, за што се потрошени 13.407 милиони денари или 82,6% од вкупно планираните средства. Плати и надоместоци се втора најзначајна ставка со учество од 15,3%, за што се потрошени 3.056 милиони денари, односно 81,1% од вкупно предвидените.

Владата на Република Северна Македонија во анализираниот период реализираше вкупно 9.023 милиони денари, односно 45,4% од планираните средства за 2020 година. Притоа, субвенциите и трансферите кои учествуваат со 92,2% во вкупните расходи на овој буџетски корисник беа реализирани во износ од 8.318 милиони денари (45,4% од предвидените средства).

Во анализираниот период, од страна на Министерството за внатрешни работи вкупно се реализирани 8.458 милиони денари, што претставува 74,8% од сопствениот буџет за 2020 година. Најзначајна расходна ставка претставуваат плати и надоместоци со учество од 79,2%, за што се потрошени 6.699 милиони денари или 83,0% од планираното. Втора најзначајна ставка се стоки и услуги со учество од 15,2%, за што се реализирани 1.287 милиони денари или 65,2% од годишниот план.

Во периодот јануари - октомври 2020 година, Агенцијата за финансиска поддршка во земјоделството и руралниот развој (АФПЗРР) реализираше средства во износ од 6.904 милиони денари што претставува 77,0% од планираните средства за тековната година. За субвенции и трансфери, кои учествуваат со 88,6% во вкупните расходи, реализирани се 85,2% од планираните средства или 6.115 милиони денари.

Министерството за одбрана во првите десет месеци од 2020 година реализираше буџетски средства во износ од 5.719 милиони денари, што е 68,9% од вкупниот буџет за оваа година. Платите и надоместоците имаат најголемо учество во расходите со 59,2%, за што во периодот јануари – октомври 2020 година се реализирани 3.388 милиони денари (83,1% од вкупно предвидените средства за тековната година). Расходите за стоки и услуги учествуваат со 23,5% во вкупните расходи, за што во анализираниот период потрошени се 1.346 милиони денари, односно 65,6% од вкупно предвидените.

Министерството за здравство во периодот јануари – октомври 2020 година изврши буџетски средства во износ од 5.333 милиони денари, што е 72,0% од вкупниот буџет за 2020 година. Тековните трансфери до буџетските фондови имаат најголемо учество во расходите со 50,2%, за што во овој период потрошени се 2.678 милиони денари или 70,4% од средствата наменети за 2020 година. Стоките и услугите се втора најзначајна ставка со учество од 40,7% во вкупните расходи, а во анализираниот период за оваа намена потрошени се 2.171 милион денари, односно 76,5% од вкупно предвидените.

Министерството за транспорт и врски во овој период реализираше средства во износ од 1.933 милиони денари, што е 59,1% од вкупниот буџет за тековната година. Реализацијата на капиталните расходи изнесува 54,8% од предвиденото (1.344 милиони денари), а учествуваат со 69,5% во вкупните расходи на овој буџетски корисник.

Деталните податоци за секој буџетски корисник се прикажани во статистичкиот прилог на следниот линк (*http://finance.gov.mk/mk/node/693*).

# *4. СОЦИЈАЛЕН СЕКТОР*

## Новвработени и регистрирани невработени лица во Агенцијата за вработување

**Графикон 4.1:** Преглед на невработени лица
*(износи во единици)*




Извор: АВРСМ.

Во периодот јануари - октомври 2020 година, во Агенцијата за вработување регистрирани се вкупно 141.566 нови засновани работни односи. Вкупниот број новвработени е понизок за 15,3% во однос на јануари - октомври 2019 година.

Од вкупниот број новвработени 43,5% се вработени на неопределено време, додека

останатиот дел се вработени на определено време и за вршење сезонски работи. Од вкупниот број засновани нови работни односи во октомври 2020 година, 27,5% се од евиденцијата на невработени.

Вкупниот број невработени лица во октомври 2020 година изнесува 239.731, од кои 153.799 се активни баратели на работа, а 85.932 се останати невработени лица. Во однос на истиот месец претходната година, вкупниот број невработени лица е зголемен за 26,7%. Силниот пораст на невработеноста кој започна од април е предизвикан од здравствено-економската криза, којашто негативно влијаеше врз вработеноста во најмногу погодените сектори. Бројот на невработени лица континуирано се зголемува од јануари 2020 година, како разултат на активните баратели на работа, додека бројот на останатите невработени во иститот период генерално стагнира.

**Графикон 4.2:** Преглед на нови вработувања
*(износи во единици)*




Извор: АВРСМ.

Најголем дел од активните невработени лица (63,7%) се градско население, а според половата структура 49,9% се мажи. Според степенот на образование, поголемиот дел, односно 62,8% од невработените се со непотполно средно образование или помалку, 27,0% се со завршено средно образование, додека 10,1% имаат вишо или повисоко ниво на образование.

По возрасни групи, најголемиот дел или 50,9% од невработените припаѓаат на возрасната група 25 - 49 години. Според времето на чекање на вработување, 46,0% од невработените лица чекаат вработување од 1 до 7 години, додека 4,2% чекаат 8 и повеќе години.

## Плати

Просечната номинална нето-плата во септември 2020 година оствари годишен раст од 7,7%, а во однос на претходниот месец е пониска за 0,5%. Најголем раст на просечната нето-плата се забележува во следните сектори: Уметност, забава и рекреација (10,6%), Преработувачка индустрија (10,2%) и Дејности на здравствена и социјална заштита (10,0%). Реалните плати во

**Графикон 4.3:** Просечна нето-плата
*(стапки на раст во %)*




Извор: ДЗС.



Министерство за финансии
Република Северна Македонија
Ул. „Даме Груев“ бр. 12, Скопје
Република Северна Македонија
+389 2 3255 597
www.finance.gov.mk
MQS Partner of Quality Austria
Сертифициран систем според ISO 9001:2015 бр. Q-13700/0

септември забележаа годишен раст од 5,8%. По нешто побавниот номинален раст во април и мај, нето-платите продолжија со високите стапки на раст и покрај здравствено-економската криза.

**Графикон 4.4:** Просечна нето-плата по сектори
*(стапки на раст во %)*




Извор: ДЗС.

Просечната номинална бруто-плата во септември 2020 година оствари годишен раст од 8,2%, а во однос на претходниот месец е пониска за 0,4%. Најистакнат раст на просечната бруто-плата се забележува во следните сектори: Преработувачка индустрија (10,7%), Уметност, забава и рекреација (10,6%) и Дејности на здравствена и социјална заштита (10,2%). Реалната бруто-плата забележа годишен раст од 6,2%.

## Пензии

Во октомври 2020 година, во Фондот на пензиското и инвалидското осигурување евидентирани се 323.191 пензионер. Од вкупниот број пензионери, 67,0% се корисници на старосна пензија, 22,9% се корисници на семејна пензија и 10,1% се корисници на инвалидска пензија.

Просечната пензија во октомври 2020 година изнесува 15.428 денари и е за 6,0% повисока во однос на истиот месец минатата година[5]. Соодносот на просечната пензија со просечната исплатена плата во септември 2020 година (последни расположливи податоци) изнесува 56,5%.

**Графикон 4.5:** Корисници на пензии и просечна пензија
*(корисници во единици; просечна пензија во денари)*




Извор: ФПИОСМ.

Просечната старосна пензија во октомври изнесува 16.672 денари, просечната инвалидска пензија изнесува 13.954 денари, а просечната семејна пензија 12.435 денари. За исплата на пензиите во октомври 2020 година се потрошени 4.871 милион денари, што претставува 48,9% од вкупните социјални трансфери.

---

[5] При пресметката на просечната пензија не се вклучени воените и земјоделските пензии.

# *5. МОНЕТАРЕН И ФИНАНСИСКИ СЕКТОР*

Во октомври 2020 година, Народната банка ја задржа основната каматна стапка на постојното ниво од 1,5%, откако претходно ја намали каматната стапка на благајничките записи во три наврати од почетокот на годината поради условите коишто произлегуваат од пандемијата на ковид-19 и мерките за спречување на ширењето на вирусот, коишто неповолно влијаат како врз глобалната така и врз домашната економија. Целта на намалувањето на основната каматна стапка до нивото од 1,5%, како и досегашното позначајно намалување на понудениот износ на благајнички записи, придонесе за натамошно зголемување на ликвидноста на банкарскиот систем и поддршка на кредитните текови во економијата, односно одржување на кредитниот циклус и ублажување на ефектите од негативниот шок врз домашната економија.

Каматната стапка на расположливите депозити на 7 дена остана непроменета во однос на минатиот месец и изнесува 0,3%.

**Графикон 5.1:** Валутна структура на депозити и кредити ( октомври 2020 година)




Извор: НБРСМ.

## Примарни пари

Во октомври 2020 година, примарните пари[6] регистрираа пад од 10,0% споредено со октомври 2019 година. Падот на примарните пари се должи на намалувањето на вкупните ликвидни средства за 32,9%, додека готовите пари во оптек се зголемија за 18,9%. На месечно ниво, примарните пари регистрираа пад од 18,5%, што е резултат на намалувањето на вкупните ликвидни средства на банките за 34,7% додека готовите пари во оптек се намалија за 1,2%.

## Депозитен потенцијал[7]

Вкупните депозити на банките во октомври 2020 година се намалија за 0,2% на месечно ниво. Секторската анализа укажува дека споредено со претходниот

[6] Примарните пари се пресметани како збир од готовите пари во оптек (вклучително и готовината во благајна), задолжителната резерва во денари и во девизи и вишокот ликвидни средства над обврската за задолжителна резерва (во денари).

[7] НБРСМ ги објави податоците од монетарната статистика, статистиката на останатите финансиски институции и статистиката на каматните стапки, по нова методологија. Методолошките промени се направени заради усогласување со препораките од новообјавениот Прирачник и упатство за монетарната и финансиската статистика на ММФ од 2016 година (MFSMCG – IMF, 2016) и Техничката мисија на ММФ од областа на монетарната и финансиската статистика во НБРСМ од 2015 година.

месец, депозитите на приватните претпријатија се зголемија за 0,7%, а депозитите на домаќинствата регистрираа пад од 0,2%.

Од аспект на валутата, во октомври 2020 година споредено со претходниот месец депозитите во домашна валута се намалија за 0,8%, а депозитите во странска валута се зголемија за 0,7%.

Вкупниот депозитен потенцијал во октомври 2020 година оствари раст од 5,5% на годишна основа. Анализирано според валутата, депозитите во домашна валута и депозитите во странска валута се зголемија за 4,5% и 7,1%, соодветно.

Од аспект на секторот, на годишно ниво овој месец депозитите на претпријатијата и депозитите на домаќинствата бележат раст од 11,0% и 5,6%, соодветно.

**Графикон 5.2:** Депозити и кредити
*(стапки на раст во %)*




Извор: НБРСМ.

Според рочноста, на годишно ниво краткорочните депозити се зголемија за 4,5%, а долгорочните депозити се намалија за 6,8%.

Валутната структура на депозитите и понатаму останува стабилна, при што учеството на депозитите во домашна валута доминира во депозитната база и изнесува 59,7%.

Табела 5.1. Депозитен потенцијал и кредити на приватен сектор;

| **Депозитен потенцијал и кредити на приватен сектор (октомври 2020 година)** | **Во милиони денари** | **Месечна промена** | **Годишна промена** |
|---|---|---|---|
| | | | |
| **Депозитен потенцијал** | **417.862** | **-0,2%** | **5,5%** |
| Според валута: | | | |
| *Денари* | *249.323* | *-0,8%* | *4,5%* |
| *Странска валута* | *168.540* | *0,7%* | *7,1%* |
| Според рочност: | | | |
| *Краткорочни* | *176.754* | *0,4%* | *4,5%* |
| *Долгорочни* | *102.643* | *0,4%* | *-6,8%* |
| | | | |
| **Кредити на приватен сектор** | **353.917** | **0,3%** | **6,7%** |
| Според валута: | | | |
| *Денари* | *208.097* | *0,7%* | *7,3%* |
| *Странска валута* | *145.820* | *-0,2%* | *5,8%* |
| Според рочност: | | | |
| *Краткорочни* | *56.125* | *2,8%* | *-1,1%,* |
| *Долгорочни* | *281.279* | *-0,2%* | *9,6%* |

| | | | |
|---|---|---|---|
| *Сомнителни и спорни побарувања* | *11.861* | *0,9%* | *-24,5%* |

Извор: НБРСМ

## Кредити на банките

Во октомври 2020 година, вкупните кредити на банките кон приватниот сектор регистрираа раст од 0,3% во споредба со минатиот месец. Секторската анализа укажува дека кредитите кон претпријатијата се намалија за 0,1%, а кредитите кон домаќинствата регистрираа раст од 0,7%. Од аспект на валутата, во октомври 2020 година, на месечно ниво денарските кредити се зголемија за 0,7%, а девизните кредити овој месец регистрираа пад од 0,2%.

На годишна основа, во октомври 2020 година вкупните кредити се зголемија за 6,7%, во услови на раст на кредитите на домаќинствата од 9,0% и раст на кредитите кон претпријатијата од 4,0%. Кредитите во домашна валута се зголемија за 7,3%, а кредитите во странска валута за 5,8%.

Од аспект на рочноста, долгорочните кредити бележат годишен раст од 9,6%, а краткорочните кредити се намалија за 1,1%.

## Каматни стапки на депозитни банки

Во октомври 2020 година, вкупната каматна стапка на кредитите се намали за 0,02 п.п. во споредба со претходниот месец и изнесува 4,68%. Каматните стапки на денарските и девизните кредити се намалија за по 0,02 п.п. и изнесуваат 5,09% и 4,20%, соодветно.

**Графикон 5.3:** Каматни стапки на депозити и кредити
*(во %)*




**Извор: НБРСМ.**

Вкупната каматна стапка на депозитите во октомври 2020 година изнесува 0,98% и е непроменета во однос на минатиот месец. Каматната стапка на денарските депозити изнесува 1,38% и е намалена за 0,01 п.п. во однос на минатиот месец, а каматната стапка на девизните депозити е зголемена за 0,02 п.п. и изнесува 0,57%.

## Пазар на капитал

На пазарот на капитал, во октомври 2020 година вкупниот промет на берзата регистрираше раст од 4,6% на месечно ниво како

**Графикон 5.4:** Вкупен промет на берза и движење на МБИ 10
*(промет во милиони денари; МБИ 10 во индексни поени)*




Извор: МБ.

резултат на растот на прометот од блок трансакциите за 3 пати (302,6%), додека прометот од класичното тргување се намали за 13,1%.

Вкупниот промет на берзата во октомври 2020 година изнесуваше 407,3 милиони денари и истиот е намален за 40,2% на годишно ниво.

Македонскиот берзански индекс МБИ-10 на крајот на октомври 2020 година изнесуваше 4.428,65 индексни поени, при што на месечно ниво индексот е намален за 1,3%, а во однос на истиот месец претходната година регистрираше раст од 3,6%.

## Девизни резерви

Бруто девизните резерви на крајот на октомври 2020 година изнесуваа 3.540,90 милиони евра и во однос на претходниот месец се зголемија за 1,7%, а во однос на октомври 2019 година за 8,4%.



Министерство за финансии
Република Северна Македонија
Ул. „Даме Груев“ бр. 12, Скопје
Република Северна Македонија
+389 2 3255 597
www.finance.gov.mk

MQS
Partner of Quality Austria
Сертифициран систем според
ISO 9001:2015 бр. Q-13700/0